**Марија Гроздановска**[1]

# ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА И КАЗНЕНОПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИТЕ

*„Секоја професија е изложена на големи предизвици што успешно не може да се совладаат без етичноста на нејзиниот носител.“*
*Махатма Ганди*

**1.02 Стручна статија**
**УДК 347.961:174(497.7)**
**343.222:347.961(497.7)**

**Апстракт**

Нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон. Со Законот за нотаријатот се уредуваат организацијата на нотаријатот како јавна служба и неговите органи, постапката за именување и разрешување на нотарите, делокругот на работа и службените дејствија на нотарите, овластувањата на нотарите, составувањето нотарски исправи, надзорот и дисциплинската одговорност на нотарите, како и други прашања што се однесуваат на нотаријатот. Нотарска служба е јавна служба што ја вршат нотари, кои се самостојни и независни носители на таа служба што ја вршат слободно, стручно и непристрасно. Нотар е лице што врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерството за правда, кое нотарската служба ја врши како единствено професионално занимање. Основно законско и етичко начело и должност на секој нотар е нотарската служба да ја врши во согласност со Уставот, законите и другите прописи, добрите обичаи, моралот и начелото на совесност и чесност. Широко поставениот круг на дејствија што ги врши нотарот во вршење на својата функција создава можност, при нивното преземање, тој да стори кривично дело.

**Клучни зборови:** нотар, нотаријат, нотарска служба, професионална етика, казненоправна одговорност.

## ВОВЕД

Како правна институција, нотаријатот има долга традиција. Неговите зачетоци датираат од многу одамна, тргнувајќи од Римското право, преку времето на средниот век, кога се случил развојот на нотаријатот каков што го познаваме денес, периодот на неговото реформирање во текот на XVIII и XIX век во земјите на Западна Европа, до неговото етаблирање како модерен јавен сервис на граѓаните во современото општество.

Нотарската служба е неспојлива со вршење адвокатура и кое било друго платено занимање, односно јавна функција. Нотарот не смее да врши друга професионална дејност,

[1] Доктор на правни науки од областа на казненото право, вонреден професор на Факултетот за правни науки при МСУ „Гаврило Романович Державин“, Св. Николе, РСМ, marija.grozdanovska@msu.edu.mk.

служба или да има друго професионално вработување или дополнителна дејност во некој државен орган, јавно претпријатие, фонд, биро, агенција, трговско друштво или друг правен субјект што остварува профит, ниту може да биде член во нивните управни, надзорни или други органи, освен во својство на содружник или акционер. Ваквата забрана не се однесува на вршење научни, уметнички и хуманитарни дејности или настава, арбитража, почесни непрофитни и неполитички функции, судски преведувач само за потребите на својата канцеларија, како и за вршење должности во Нотарската комора и во меѓународни нотарски здруженија.

Нотарот ја врши нотарската служба слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно врз основа на Уставот, законите, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот на РСМ и другите прописи и општи акти засновани врз закон. Тој и лицата што се вработени кај него не смее да бидат застапници на странките и не смее да посредуваат при склучување правни работи или, во врска со нив, да дадат гаранција или да ѝ дадат друго обезбедување на странката.

Начелата и правилата на морално и етичко однесување на нотарите во вршењето на нотарската служба и надвор од неа, а со цел унапредување на достоинството на нотарите и зацврстување и одржување на угледот на нотаријатот како јавна служба се уредени во Кодексот на професионална етика на нотарите.

Нотар не смее без оправдани причини да одбие преземање службено дејствие. Доколку нотар при вршење нотарска служба дојде до сознание за корупција, должен е да го одбие преземањето на службеното дејствие и случајот веднаш да го пријави на надлежните органи.

Во вршењето на својата служба, нотарите подлежат на кривична одговорност. Достапните податоци за сторените кривични дела од страна на нотарите укажуваат на тоа дека тие најчесто го сторуваат кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување, но сепак ретко се поднесуваат кривични пријави против нотари, а и кога се поднесуваат, најголемиот број од нив завршуваат со решенија за отфрлање на пријавата. Нашата држава, генерално, има блага казнена политика, а тоа се однесува и на казнувањето за кривичните дела чии сторители се нотарите.

## НОТАРИЈАТОТ КАКО ЈАВНА СЛУЖБА

Тргнувајќи од преоптовареноста и неефикасноста на судскиот систем и во земји членки на Советот на Европа, Комитетот на министрите на 16 септември 1986 година ја усвои Препораката за мерките за превенција и намалување на преоптовареноста на судовите. Се препорачува да се избегне зголемувањето на обемот на вонсудските задачи доверени на судиите и да се пристапи кон нивно постепено намалување со доверување на други лица или органи. Појдовни основи на Препораката се растоварување на судовите од многу обемните неспорни правни работи во нивна надлежност и зголемување на ефикасноста на судовите со намалување на времетраењето на постапките по спорните кривични, граѓански, стопански и други видови спорни предмети.[2]

Република Северна Македонија, постапувајќи во согласност со наведената препорака на Советот на Европа и други ратификувани меѓународни конвенции и договори,

[2] Маневски, М. Анализа за развојот и работата на нотаријатот во вршење на јавните овластувања и неговиот придонес за остварување на поефикасен правен систем и правна сигурност, Нотариус бр. 31, Нотарска комора на Република Северна Македонија, Скопје, стр. 17.

пристапи кон усогласување на своето законодавство со стандардите содржани во меѓународната легислатива. Во нашата држава се донесоа повеќе нови закони или темелно се изменија или се дополнија постојните. Од особено значење е донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи во 1996 година чиј наследник е Законот за нотаријатот.[3]

Како современа правна држава, РСМ има обврска да обезбеди услови за слободно одвивање на правниот промет и живот во државата како претпоставка за остварување низа права и интереси од страна на граѓаните и на правните лица. Во таа насока е и основањето и функционирањето на нотаријатот како јавна служба.[4]

Нотарската служба опфаќа: составување и издавање јавни исправи за правните работи во форма на нотарски акт, изјави и потврди за факти врз основа на кои се востановуваат права или обврски; донесување решенија во постапка за издавање нотарски платни налози; потврдување приватни исправи (солемнизација); издавање потврди; заверка на потпис и ракознак, на препис, на превод; примање на чување исправи, пари и предмети од вредност заради нивно предавање на други лица или органи и вршење доверени работи определени со закон.

Нотарската служба се врши со примена на начелата за: гарантирање законито вршење на работите, одговорност за причинетата штета во вршењето на нотарската служба, диспозиција на странките и неспорност на правниот однос, надзор над законитоста во вршењето на нотарската служба, угледно и достоинствено вршење на нотарската служба и надоместок за извршената работа.

Нотарската служба претставува правна служба *суи генерис* (sui generis), односно специфична служба во која се спојуваат обележја на јавните дејности, кои по својот карактер се вонпарнични и управни, со слободна, т. е. приватна организација на вршење на тие дејности. Иако најголем дел од надлежностите на нотарот се изведени од судската надлежност, т. е. на нотарот е пренесен голем дел од надлежностите на судот во доменот на вонпарничното постапување, нотарската служба во себе не го содржи овластувањето на судот да пресудува, т. е. не може да ѝ бидат дадени својства на правосуден орган во строга смисла на зборот. Ова е така поради тоа што нотарите не одлучуваат со примена на право, туку врз основа на согласноста на странките, применувајќи право, ги уредуваат односите помеѓу странките.[5]

## КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА НА НОТАРИТЕ

Поимот етика се употребува како синоним за поимот морал. Сепак, овие два поими се разликуваат. Етиката, како гранка на практичната филозофија, почива врз сфаќањето на „доброто“ како вредност. Таа е теорија на моралот, која ги поставува основните начела на морално однесување. Етиката е збир на норми и вредности врз основа на кои секој поединец во конкретна ситуација одлучува што е исправно, а што погрешно; што е добро, а што лошо;

[3] Закон за нотаријатот, пречистен текст, „Службен весник на РСМ“ бр. 72/16, 172/16 и 233/18, Одлука на Уставен суд У. бр. 129/16 од 24 јануари 2018 година, „Службен весник на РСМ“ бр. 25/18.

[4] Стоев, Ф. Причини за одбивање на преземањето службено дејствие од нотар, Нотариус бр. 40, Нотарска комора на Република Северна Македонија, Скопје, 2022, стр. 8.

[5] Јаневски, А. Ракочевиќ, М. Нотарската дејност и карактерот на постапките што се водат пред нотарот, Нотариус бр. 28 Нотарска комора на Република Северна Македонија, Скопје, стр. 11.

што е праведно, а што неправедно, односно одлучува како да постапи во одредена ситуација, а тоа да биде етички исправно.

Професионалната етика, пак, е збир на правила за однесување на припадниците на одредена професија, кои може да бидат пишани и непишани, а генерално се делат во три групи, и тоа: правила на однесување со клиентите; правила на однесување кон колегите и правила за почитување на прописите во професијата. Во првата група правила или правила на однесување со клиентите спаѓаат: емоционална неутралност, недискриминаторски пристап, преземање активности за доброто на клиентот, одбивање мито, алтруизам итн. Во втората група правила спаѓаат оние што се однесуваат на односите помеѓу професионалците од одредена професија, како што се: размена на знаење, еднаквост, поддршка и сл. И во третата група правила спаѓаат сите оние што се однесуваат на почитувањето на професионалните норми.

Професионалната етика се однесува на улогата на личноста во извршувањето одредена професија, што најдобро е прикажано преку мислата: „Работата има вредност толку колку што вреди човекот што ја извршува.“

Правната етика се однесува на етичкиот кодекс што раководи со однесувањето на луѓето што се занимаваат со правото во принцип. Професионалната етика на правниците зависи, покрај од пишаните норми, и од нивните лични морални и етички стандарди. Па така, тие треба да имаат етички и морални квалитети што треба да се на највисоко ниво во средината во која живеат. Правната етика се заснова врз доверлив однос помеѓу странката и личноста што се занимава со право, а за крајна цел има зголемување на довербата во правниот систем во целина. Таа е тесно поврзана со професионалната одговорност, која бара практикување на правната професија според највисоки стандарди.

Професионалната етика на нотарите во нашата држава е регулирана со Кодексот на професионалната етика на нотарите што е донесен во 2022 година од Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија.[6] Предмет на уредување на Кодексот на професионална етика на нотарите е утврдување на начелата и правилата на морално и етичко однесување на нотарите во вршењето на нотарската служба и надвор од неа, со цел унапредување на достоинството на нотарите и зацврстување и одржување на угледот на нотаријатот како јавна служба.

Нотарот својата нотарска дејност, односно своите службени овластувања и должности ги врши стручно, обезбедувајќи законитост и полноважност на нотарските исправи, заверките и другите нотарски услуги и со својата работа, знаење и однесување треба да ја оправда и да ја зацврсти довербата на странките кон нотаријатот. За таа цел, тој постојано стручно се усовршува и го надградува своето знаење со редовна едукација што му ја обезбедува Нотарската комора, со следење на прописите од областите на нотарската и судската практика.

Основно законско и етичко начело и должност на секој нотар е нотарската служба да ја врши во согласност со Уставот, законите и другите прописи, добрите обичаи, моралот и начелото на совесност и чесност. Неговата совесност се изразува преку грижливо, внимателно и навремено постапување при преземањето на потребните дејствија со кое се стекнува довербата кај странките. Нотарот постапува совесно и чесно во вршењето на нотарските работи, придонесувајќи за угледот и довербата во нотаријатот.

Нотарот е независен, непристрасен и неутрален во вршењето на својата нотарска работа, при која избегнува какви било субјективни влијанија, водејќи сметка за

[6] Кодекс на професионална етика на нотарите, Нотарска комора, 16.4.2022 година.

обезбедување на законитоста и почитување на волјата на странките. Тој е самостоен во вршењето на нотарската дејност во рамките на ограничувањата предвидени со Законот за нотаријатот и актите на Нотарската комора. Нотарот самостојно одлучува за: организацијата на работата во нотарската канцеларија; ангажирањето на заменик-нотар и вработување помошник, соработници, приправници и административни лица; начинот на работата, едукацијата и работните задачи на вработените и располагањето со средствата остварени од својата работа.

Тој е должен да се придржува кон утврдените законски забрани за вршење друга дејност или функција, со можност да врши функции и должности во Нотарската комора и Меѓународни нотарски здруженија, како и научни, уметнички и хуманитарни дејности или настава од таков карактер, да учествува во арбитражи или да врши функции во непрофитни и неполитички организации.

Нотарот достоинствено ја врши нотарската служба во нотарската канцеларија и надвор од неа. Тој има обврска да ја чува нотарска тајна, без оглед на тоа дали е добиена од странката или на друг начин, како и да се грижи за приватноста на странките. Нотарот не коментира податоци сознаени во вршењето на службата, а кои претставуваат нотарска тајна.

Со своето примерно однесување, нотарот се грижи за одржување на редот и мирот во нотарската канцеларија. Со внимание и во разумен рок, нотарот ги разгледува барањата на странките и постапува во согласност со закон, давајќи потребни објаснувања за правните последици од преземените правни работи. Со своето однесување и постапување во вршењето на нотарската служба и преземањето на службените дејствија, нотарот ги почитува основите човекови права и слободи, како и еднаквоста на граѓаните во остварувањето на граѓанските слободи и права, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Во работата на нотарот е забранета дискриминацијата во која било форма и по кој било основ.

Нотарот не смее да учествува на кој било начин во коруптивни дејствија и активности што доведуваат до негова подреденост, зависност и злоупотреба на правото.

Нотарите имаат обврска за задолжително пријавување корупција доколку во вршењето на својата служба дојдат до сознание за корупција. Оваа должност на нотарите е предвидена во Законот за нотаријатот, Законот за спречување перење пари и други приноси од казнено дело и финансирање тероризам и во други закони. Нотарот донесува годишна програма за примена на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање тероризам, со која се определуваат мерките и дејствијата што ги презема нотарот, а се предвидени со Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам. Неприменувањето на мерките предвидени во Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам и програмата и мерките што ги донел нотарот претставува основ за дисциплинска одговорност на нотарот. Нотарската комора организира редовна и периодична задолжителна обука на нотарите за примена на мерките за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

Надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам врши посебна комисија што ја именува Собранието на Нотарската комора од редот на своите членови. Комисијата го врши надзорот врз основа на годишен план, по сопствена иницијатива или по претставки на други

нотари, службени лица или странки чии претставки содржат основано укажување дека е извршена сомнителна трансакција. Комисијата е должна да изврши контрола на работењето на нотарот по образложено барање на Управата за финансиско разузнавање, доставено преку претседателот на Комората, и да ја извести Управата за резултатите од извршената контрола.

Нотарите се еднакви и рамноправни меѓу себе во вршењето на нотарските работи, со доследно и целосно почитување на начелото на слободен избор на нотарот, што значи дека странките, врз основа на слободно изразена волја, спогодбено го избираат нотарот.

Нотарот не смее да ги врши нотарските работи, ниту да привлекува странки на нечесен, неморален и недозволен начин, спротивно на забраната за нелојална конкуренција. Тој не смее да привлекува странки по пат на понуда, посредници, реклами, директни и индиректни притисоци, повикување на добри врски, политички конекции, симпатизерства и сл.

Нотарот не смее да договара и да наплаќа за извршените нотарски услуги спротивно на Нотарската тарифа, да ветува и да дава провизија на трети лица за привлекување странки, ниту да дава и да врши други погодности и привилегии со цел придобивање на странките. Тој не смее да дава понуди за вршење службени работи во земјата или во странство во средствата за информирање или по пат на интернет-страница, циркуларен допис или леток.

Нотарот не смее да врши службени работи надвор од нотарската канцеларија и надвор од определеното работно време, освен во случаи определени со законот и подзаконските акти. Тој не смее да ја означува нотарската канцеларија со ставање обележја во нападен облик и/или содржина спротивно на законските и подзаконските акти. Нотарот не смее да поседува сопствена веб-страница, без оглед на содржината што се објавува на неа.

Нотарот треба да ги почитува утврдените стандарди за просторните услови за работа и опременост и да се грижи нотарската канцеларија секогаш да биде уредна.

Нотарот и вработените во нотарската канцеларија треба да се однесуваат коректно, професионално и со должно внимание кон барањата на странките. При извршувањето на нотарските службени должности, тие не смее да примаат подароци, награди и друг вид нематеријални бенефиции што може да влијаат врз преземените нотарски дејствија и составените нотарски исправи.

Нотарот ја извршува службата во облека (дрес-код) што е соодветна за достоинството на нотарската служба.

Тој има обврска уредно и ажурно да ги води предметите и архивата според редоследот како што се примени во нотарската канцеларија, како и евиденција за роковите во кои треба да ги презема службените дејствија, на тој начин што во секое време може да се утврди состојбата на предметот.

Нотарот професионално и коректно се однесува кон судовите и другите државни органи со кои соработува, воспоставувајќи меѓусебна доверба во работата во функција на заштита на правата на граѓаните и правните лица. Преку Нотарската комора тој одржува постојана соработка со Меѓународната унија на латински нотаријати и со нотаријати во други држави со цел унапредување на Нотаријатот преку размена на искуства, стручни мислења и знаења.[7]

[7] Меѓународна унија на нотарите (UINL) е невладина организација чија цел е промовирање, координирање и развивање на функцијата и работата на нотарите во целиот свет. Таа се залага за нивното достоинство и независност со цел да се обезбедат подобри услуги за луѓето и општеството во целина.

Нотарите развиваат меѓусебни колегијални односи, негуваат стручна и професионална солидарност во работата. Нотарот не смее да омаловажува и да потценува друг нотар или вработен во нотарска канцеларија. Однесувањето на нотарот кон колегата се заснова врз начелата на професионална етика, совесност и чесност. Во вршењето на нотарската служба, нотарите треба еден на друг да си помагаат со давање стручни совети, мислења или на друг практичен начин. Евентуалните несогласувања и недоразбирања помеѓу нотарите се разрешуваат на достоинствен и културен начин по мирен пат во рамките на надлежностите на Нотарската комора.

Кодексот содржи и одредби што се однесуваат на неговото непочитување. Непознавањето на одредбите од Кодексот не го оправдува нотарот. Тој треба доследно да го почитува Кодексот на професионална етика на нотарите. За негова доследна примена, Нотарската комора избира Комисија за етички прашања, која утврдува мислење за прашања поврзани со етичкото однесување на нотарот. Тоа ги содржи фактите и околностите врз кои е засновано, со соодветно анонимизирање на лицето, местото и други податоци што би можеле да доведат до идентификување. Потоа, утврдените мислења на Комисијата за етички прашања се објавуваат на веб-страницата на Комората и се достапни за сите нотари, со цел да обезбедат насоки на другите нотари што се соочуваат со слични прашања.

## КАЗНЕНОПРАВНА ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИТЕ

Нотарот е значаен елемент на социјалниот, правниот и економскиот систем, па од неговите квалитети, работа и однесување зависи организирањето на нотарската работа и заедница составена од слични професионалци, но и пошироко, редот во граѓанското општество.[8]

Во вршењето на својата служба, нотарите подлежат на одговорност за сторено кривично дело. Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон. Во вршењето на својата служба, нотарот е кривично одговорен доколку е пресметлив и делото го сторил со умисла или небрежност, а притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото.

Според Анализата на судската и обвинителската практика во врска со кривичните деликти сторени од нотари во периодот од 2007 година до 30 јуни 2014 година, вкупниот број поднесени кривични пријави, според обвинителства, од 2007 година до 30 јуни 2014 година е следен:

- Во Основното јавно обвинителство Скопје биле поднесени 6 кривични пријави од МВР, 33 од физички лица и 8 од други подносители. Пријавени биле вкупно 50 нотари, од кои за 46 обвинителството донело решение за отфрлање на кривичната пријава, за 2 биле дадени изјави за откажување од гонење, за 2 биле поднесени обвинителни акти и била донесена една првостепена неправосилна одлука.
- Во останатите јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје биле пријавени 35 нотари; за 24 нотари биле донесени решенија за отфрлање на кривичната пријава; за 1 нотар било поднесено барање за спроведување истрага; за 1 нотар била дадена изјава за откажување од гонење, за 7 од вкупниот број пријавени нотари (35) биле поднесени обвиненија, биле донесени 2 второстепени

[8] Темков, К. Нотарска етика, Нотариус бр. 20, Нотарска комора на Република Северна Македонија, Скопје, стр. 25.

осудителни пресуди, 1 првостепена ослободителна и 3 првостепени одбивателни пресуди.

- Во обвинителствата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола биле поднесени кривични пријави за 19 нотари и за сите биле донесени решенија за отфрлање на пријавата.
- Во обвинителствата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип биле пријавени 24 нотари, од кои за 20 биле донесени решенија за отфрлање на кривичната пријава, за 1 била дадена изјава за откажување од гонење, биле подигнати обвиненија за 3 нотари, донесена била 1 осудителна првостепена пресуда што станала правосилна.
- Во обвинителствата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар биле поднесени кривични пријави за 28 нотари, од кои за 15 било донесено решение за отфрлање на пријавата, за 12 нотари биле поднесени обвиненија, за 1 нотар била дадена изјава за откажување од гонење; донесени биле првостепени пресуди, и тоа: 2 ослободителни, 3 одбивателни, 8 осудителни, додека, пак, не била донесена второстепена пресуда.[9]

Во продолжение е даден табеларен приказ во кој се прикажани претходно наведените податоци.

| | **Кривични пријави** | **Решенија за отфрлање** | **Откажување од гонење** | **Истрага** | **Обвиненија** | **Пресуди – првостепени** | **Пресуди – второстепени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **OJO Скопје** | 50 | 46 | 2 | | 2 | 1 | |
| **ВЈО Скопје** | 35 | 24 | 1 | 1 | 7 | 4 | 2 |
| **ВЈО Битола** | 19 | 19 | | | | | |
| **ВЈО Штип** | 24 | 20 | 1 | | 3 | 1 | |
| **ВЈО Гостивар** | 28 | 15 | 1 | | 12 | 13 | |
| **Вкупно** | 156 | 124 | 5 | 1 | 24 | 19 | 2 |

Табела бр. 1 Казненоправна одговорност на нотарите во периодот од 2007 до 2014 година.

Во анализираниот период во РСМ, бројот на поднесени кривични пријави против нотари изнесува 156. Од нив, за 124 нотари била донесена обвинителска одлука – решение за отфрлање на кривичната пријава, за 24 нотари било подигнато обвинение, за 5 нотари биле дадени изјави за откажување од гонење, за 1 нотар било поднесено барање за

[9] Тупанчески, Н., Гешкоска, Г. Арслани, Ф. Анализа на судската и обвинителската практика во врска со кривичните деликти сторени од нотари во периодот од 2007 година до 30 јуни 2014 година, Скопје, 2015 г.

спроведување истрага, за кој истрагата била запрена со одлука на кривичен совет. Во анализираниот период, за кривичните постапки што се воделе против нотари биле донесени 19 првостепени пресуди и 2 второстепени пресуди.

Најчеста инкриминација под која се супсумираат нотарските нерегуларности е злоупотребата на службената положба и овластување. Само во ОЈО Скопје, од вкупно 50 пријавени нотари, 35 пријави се однесуваат на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување. Во некои основни јавни обвинителства (Гевгелија, Куманово, Велес, Охрид, Струга, Радовиш, Делчево, Кочани), сите поднесени пријави се однесуваат на ова кривично дело.

Кривичното дело злоупотреба на службена должност може да се изврши на три начини, и тоа: преку искористување на службената положба и овластувања (активна реализација), преку пречекорување (надминување) на службената положба и овластувања (ултраактивна реализација) и преку неизвршување на службената должност и овластувања (пасивна реализација).

Во првиот случај, нотарот постапува незаконито и неправилно во материјална смисла. Дејствието на извршеното кривично дело спаѓа во рамките на делокругот на работа на нотарот, неговите јавни овластувања и границите на неговата надлежност. Нотарот ја искористил околноста што е овластен да постапува во дадена ситуација за остварување одредени свои цели, што за него значат корист (имотна или неимотна) и нанесување штета (имотна или неимотна) на странката или на трето лице.

Во вториот случај, нотарот ги пречекорува своите службени овластувања, односно не само што ги злоупотребува своите овластувања, туку и навлегува во надлежноста на некој друг орган.

Третиот облик на злоупотреба на службената положба е неизвршување на службената должност (пасивна реализација). При ваквиот вид злоупотреба на службена должност, нотарот не ги извршува целосно службените дејствија (неизвршување во формална и материјална смисла) или ги извршува на тој начин што не може да се постигне целта поради која се преземаат службените дејствија (формално дејствието е преземено, но суштината не е постигната, со цел заобиколување на законот, а со тоа и остварување корист и нанесување штета на странката или на трето лице).

Во корпусот на нотарски инкриминации влегува и кривичното дело несовесно работење во службата, така што од вкупно 156 пријавени нотари во РСМ, 12 пријави се однесуваат на оваа инкриминација. Во ОЈО Дебар, единствената поднесена кривична пријава е токму според овој член и за неа има правна завршница – првостепена осудителна пресуда. Пријави за ова дело има и во Скопје, Прилеп, Струмица, Кочани.

Несовесното постапување може да се состои во дејствија со кои се повредува некој формален пропис или од страна на сторителот се злоупотребуваат неговите дискрециони овластувања, како и во случаите кога постои пропуштање на должниот надзор (формална и материјална злоупотреба). Под очигледно несовесно постапување на друг начин се подразбира широк дијапазон на дејствија што значат неправилно и неетичко вршење на должноста (спротивно на нормите на професионалната етика на службените лица за постапување во случаите кога постои сомнение за акти на корупција, конфликт на интереси итн.).[10]

[10] Тупанчески, Н. Кипријановска, Д. Некои дилеми во врска со кривичното дело „злоупотреба на службената положба и овластување" и одговорноста на нотарите, Нотариус бр. 19, Нотарска комора на Република Северна Македонија, Скопје, стр. 20.

Под ударот на оваа инкриминација може да дојде и несовесниот однос кон автентичноста на исправите. При преземањето кое било дејствие, нотарот е должен да внимава на автентичноста на исправата и е одговорен за тоа да не издаде нотарски акт или да не потврди исправа што не е автентична. Но, при заверка на потписот, нотарот се запознава со содржината на исправата само толку колку за да може да ги пополни рубриките на Уписникот за заверки и потврди, односно тој не е одговорен за содржината на писменото, ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Од другите инкриминации, македонската судска практика, како дел од нотарските кривични дела, ги препознава: оштетување туѓи права; изнуда; лихварство; измама; фалсификување хартии од вредност; повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола; фалсификување исправа; непријавување кривично дело или сторител; помагање на сторител по извршено кривично дело; поднесување лажни докази; давање лажен исказ; спречување докажување; фалсификување исправа; посебни случаи на фалсификување исправи; употреба на исправа со невистинита содржина и др.

Доколку се земе предвид анализираниот период, феноменологијата на нотарските инкриминации се сведува на повеќе различни кривични дела, каде што доминантен карактер имаат одредбите за злоупотреба на службената положба и овластување.

Најдобар индикатор за застапеноста, обемот и динамиката на криминалитетот е бројот на пресудени предмети. Во периодот од 2007 до 2014 година, во РСМ, биле донесени само три правосилни пресуди за кривични дела што ги сториле нотарите.

Од вкупниот број првостепени осудителни пресуди: 8 се на подрачјето на ВЈО Гостивар, 1 е на подрачјето на ВЈО Штип и 3 на подрачјето на ВЈО Скопје. Од нив, само 3 се правосилни, и тоа, 2 на подрачјето на ВЈО Скопје и 1 на подрачјето на ВЈО Штип. Додека, пак, од вкупниот број пресуди, 5 се одбвателни и 3 ослободителни.

Од трите правосилни пресуди, две се однесуваат на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, а една се однесува на делото несовесно работење во службата. Со две од нив е изречена алтернативна мерка условна осуда (за злоупотреба на службената положба и овластување), а со третата е изречена парична казна. Во едната пресуда, со изречената алтернативна мерка условна осуда, е утврдена казна затвор во траење од 6 месеци, која нема да биде извршена доколку обвинетите во временски период од една година не сторат ново кривично дело, а во другата пресуда, со изречената алтернативна мерка условна осуда, е утврдена казна затвор во траење од 6 месеци, која нема да биде извршена доколку обвинетиот во време од една година и шест месеци не стори ново кривично дело. Во едниот случај, Апелациониот суд ја отфрлил жалбата како неоснована, а во другиот како недозволена. Со пресудата со која е изречена парична казна, нејзиниот износ е определен на 10 дневни глоби, сметано по 10 евра за дневна глоба или вкупно 6.150,00 денари.

Од вака изречените санкции се добива впечаток дека казнената политика за нотарските кривични дела на територијата на РСМ, покрај сериозните санкции предвидени во КЗ, е блага и се доближува до посебниот законски минимум.

Во однос, пак, на бројот на пријавени, обвинети и осудени нотари во РСМ, може да се заклучи дека кривичните дела што ги сторуваат нотарите не се застапени со висок процент во општата статистика на криминалитетот во нашата држава.

## ЗАКЛУЧОК

Нотаријатот претставува една од најзначајните институции на современото право, која придонесува за јакнење на правната сигурност, заштита на јавниот интерес и растоварување на правосудните органи. Со оглед на својата функционална поставеност во правниот систем и положбата во општеството, нотарот го заслужува статусот на трета доверлива страна. Неговата улога во јакнењето на правната сигурност, заштитата на јавниот интерес и растоварувањето на правосудството се покажа како клучна за севкупното функционирање на правниот систем на една држава. Нотарот треба да поседува низа квалитети, почнувајќи од односот кон непосредните учесници во работата што ја презема, неговите персонални и професионални квалитети, поседувањето соодветно техничко и специјализирано знаење, професионалното искуство, стручноста со сестрано познавање во доменот во кој работи и др. Тој треба да биде независен, непристрасен, чесен, да поседува кредибилитет, способност за доверливост и дискреција во однос на странките и правната работа што ја презема, да не постапува во интерес на ниту една странка и сл. Нотарот мора да го применуваа законот на објективен начин и тоа е негова примарна должност. Тој не ги застапува странките, затоа што не е адвокат, туку е искусен и стручен повереник на странките. Неговата цел е да им помогне на странките да ги уредат односите на квалитетен начин за да се избегнат долги и скапи постапки.

Нотарската дејност се состои во давање специфичен вид интелектуални услуги, давање совети, преземање одредени дејствија, решавање конкретни проблеми. Нотарите ги даваат своите услуги така што ги користат севкупното свое знаење, своите вештини и професионалното внимание. Основниот белег на нотарската професија е барање за висока стручност и компетентност.

Нотарите, како носители на јавна служба, во практиката обезбедуваат квалитетна и експедитивна јавна услуга. Воведувањето на нотаријатот е голема придобивка за граѓаните во сферата на правната заштита, но, исто така, голема придобивка и за државата, која, несомнено, му придава голема улога и значење на нотаријатот како јавна служба. Довербата на државата во нотаријатот како етаблирана правна институција се забележува преку широкиот круг надлежности што ги имаат нотарите како вршители на јавна служба.

Нотарската служба претставува значаен фактор во функционирањето на правниот систем на една држава, а нотаријатот, пак, претставува значаен столб за правната сигурност на поединците и заштитата на општествените интереси. Во современото општество, нотарите имаат одговорна општествена улога. Нотарите треба да бидат свесни за законите и прописите што ја регулираат нивната служба и да избегнуваат правни замки, а особено да бидат претпазливи во однос на предвидените инкриминации во КЗ што се однесуваат на кривичните дела против службената положба и овластување што може да ги повредат при вршењето на нивната служба.

Во рамките на нотарското работење, како и при вршењето на секоја друга дејност може да се појават одредени неправилности. Но, тие неправилности не претставуваат секогаш кривични дела. Некои од нив се само обични пропусти во нотарското работење што се ненамерни и повлекуваат материјална или дисциплинска одговорност. Но, доколку се докаже дека повредата на правото е направена со цел да се стекне некаква корист за себе или за друг или да му се нанесе штета на друг со очигледно несовесно постапување во вршењето на своите овластувања и постои умисла во однос на преземените дејствија, тогаш

нотарот се јавува како извршител на кривично дело што спаѓа во делокругот на нотарските кривични дела.

**Maria Grozdanovska**[11]

## THE PROFESSIONAL ETHICS AND THE CRIMINAL LIABILITY OF NOTARS

### Abstract

The notary is an independent public service in which works of the type of public authority are performed, based on law. The Notary Law regulates the organization of the notary as a public service and its bodies, the procedure for appointing and dismissing notaries, the scope of work and official actions of notaries, the powers of notaries, the compilation of notarial documents, the supervision and disciplinary responsibility of notaries, as and other issues related to the notary. Notary service is a public service performed by notaries, who are independent and independent holders of that service, which they perform freely, expertly and impartially. A notary is a person who exercises public powers established by law, appointed by the Ministry of Justice, who performs the notary service as the only professional occupation. A basic legal and ethical principle and duty of every notary is to perform the notary service in accordance with the Constitution, laws and other regulations, good customs, morality and the principle of conscientiousness and honesty. The wide range of actions performed by the notary in the performance of his duties creates the possibility that he may commit a crime during their performance.

**Keywords**: notary, notary service, professional ethics, penal liability.

[11] Associate Professor at the Faculty of Legal Sciences at MSU "Gavrilo Romanovich Derzhavin", St. Nikole, RSM, marija.grozdanovska@msu.edu.mk